**Музика, год. 12, бр.15, стр. 31-44, 2009**

**ТВОРЕШТВО**

# ЗА МУЗИЧКАТА ФОРМА НА „SIMFONIETTA IN SI" ОД ТОМИСЛАВ ЗОГРАФСКИ - АНАЛИТИЧКИ БЕЛЕШКИ

*м-р Ленче Насев*

Творечкиот опус на истакнатиот македонски композитор и педагог Томислав Зографски (Велес, 1934 - Скопје, 2000), ги вклучува речиси сите жанри и форми својствени за музичкото творештво од 20 век. Во неговото творештво подеднакво е забележителен интересот како кон инструменталната, така и кон вокално - инструменталната музика. Неговата композиторско - педагошка големина се согледува и преку делата на неговите ученици.[1] Тој е добитник на повеќе награди и признанија, што сведочи дека бил ценет и вреднуван во својата средина уште додека бил жив.[2] Кон жанрот на оркестарско - инструменталната музика композиторот Томислав Зографски се обраќал повеќепати.[3] Меѓу овие композиции ја издвоивме „Simfonietta in Si" (Од мојот бележник). На ова дело композиторот очигледно му придал посебно внимание со тоа што го преработува двапати. Делото првично е напишано во 1971/72 година за камерен оркестар и во тој вид е изведена неколку пати со Камерниот оркестар на Радио - Телевизија Скопје, на фестивалот „Охридско лето", во 1973 и 1974 година. Во

[1] *Од класата на Томислав Зографски се произлезени голем број талентирани македонски композитори. Меѓу број ните негови ученици кои денес со својата композиторска деј ност придонесуваат за напредок и афирмација на македонската музичка култура можеме да ги издвоиме: Димитрије Бужаровски, Живоин Глишиќ, Јана Андреевска, Панде Шахов*

[2] *Меѓу наградите и признанијата се издвојуваат: наградата 11 Октомври за ораториумот Пoхвала Кирилу и Медодију (1969) и наградата 13 Ноември за композицијата Пасакаља за еден херој (1981); М. Коловски, Сојуз на композиторите на Македонија 1947-1992 Македонски композитори и музиколози, Скопје, 1993, стр.113*

[3] *Во неговото оркестарско творештво се вбројуваат делата: "Девет минијатури" (1957/58), "Sinfonietta in Es" (1958), "Fantasia Corale" (1959/61), "Passacaglia за еден херој на тема Б. Апих" (1980), "Skerco на теми од Тихомир Карапанчев" (1985), "Концертантна симфонија" (1990), "Недовршена рапсодија" (1994), "Simfonietta in Si" (1972/94), "Интрада" (1997/98) и "Древниот sud" (1998).*